**УЖ-2.бр.57/2021**

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД преку Претседателот на советот Владанка Панчурова Сулејманова, со записничар Ивица Наумоски, судски соработник, решавајќи по барањето за исправка на пресуда од тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и други ДОО од Скопје на пресудата на Вишиот управен суд УЖ-2.бр.57/2021 од 26.01.2021 година, за јавна набавка, на ден 10.03.2021 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

-за поправање на пресуда и решение -

Се врши поправање на пресудата УЖ-2.бр.57/2021 од 26.01.2021 година и решението УЖ-2.бр.57/2021 од 16.02.2021 година и тоа:

На првата страна во став 4 од образложението на пресудата е направена техничка грешка така што наместо „Министерството за труд и социјална политика", треба да стои „Државната комисија за жалби по јавни набавки".

Ова решение е составен дел на пресудата УЖ-2.бр.57/2021 од 26.01.2021 година и решението УЖ-2.бр.57/2021 од 16.02.2021 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Вишиот управен суд постапувајќи по барањето за исправка на пресуда на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и други ДОО од Скопје најде дека е направена очигледна грешка во пишувањето на пресудата на овој суд УЖ-2.бр. 57/2021 од 26.01.2021 година и решението УЖ-2.бр.57/2021 од 16.02.2021 година, поради што е потребно да се изврши поправање на истите.

Имено, на првата страна во став 2 и 4 од образложението на пресудата е направена техничка грешка така што наместо „Министерството за труд и социјална политика", треба да стои „Државната комисија за жалби по јавни набавки ".

Согласно членот 331 став 1 и 2 од Законот за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија" број 79/2005 и измените на овој закон) е предвидено: „Грешките во имињата и броевите, како и други очигледни грешки во пишувањето и сметањето, недостатоците во формата и несогласноста на преписот на пресудата со оригиналот, ќе ги поправи претседателот на советот, односно судијата поединец во секое време.

Поправањето ќе се изврши со посебно решение и ќе се внесе на крајот на оригиналот, а до странките ќе се достави препис од решението“.

Со решението за поправање на пресуда од 16.02.2021 година е извршена исправка на пресудата, меѓутоа при изготвувањето на истото е направена техничка грешка така што е наведено дека во став 2 и 3 од првата страна од образложението на пресудата е наведено „Министерството за труд и социјална политика“, а треба да стои „Државната комисија за жалби по јавни набавки“, а во исправката треба да стои став 2 и 4 од првата страна од образложението на пресудата.

Имајќи го предвид наведеното, судот изврши поправање на пресудата и решението на начин наведен во изреката на ова решение.

Решено во Виш управен суд на ден 10.03.2021 година под УЖ-2.бр.57/2021.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

/АМ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВИШ УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
GJYKATA E LARTË ADMINISTRATIVE
SHKUP

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник